Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 65, 1 септември 2011 година

септември 2011 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научна област гастрономија на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 4

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област хемија на текстилот на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 6

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник од наставно-научната област македонистика на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 12

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент за наставно-научната област романистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 19

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за наставно - научното поле/област – клинички медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 21

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за наставно - научното поле/област – фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 32

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Истражно дупчење“ од авторот проф. д-р Орце Спасовски, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 36

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Макро и микро аспектите на трошоците во здравствениот сектор“ (скрипта) од авторот доц. д-р Александар Костадиновски, Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 39

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Современи тенденции на јавното здравство”, од авторот доц. д-р Круме Николоски, Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 45

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по анатомија со физиологија на домашните животни” од д-р Ацо Кузелов, доцент на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 48

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по основи на сточарското производство” од д-р Ацо Кузелов, доцент на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 49

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот на учебникот „Механика на карпи“ од проф. д-р Зоран Панов, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 50

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАКЕДОНИСТИКА НА ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на својата редовна седница, одржана на 26 мај 2011 година, донесе Одлука (бр. 2102 –90/7) за формирање на Рецензентска комисија за избор на еден ***наставник во сите звања*** за наставно-научната област ***македонистика***, во следниов состав:

- проф. д-р Живко Цветковски, Филолошки факултет при УКИМ, Скопје, наставно-научна област македонистика – претседател;
- проф. д-р Лидија Аризанковска, Филолошки факултет при УКИМ, Скопје, наставно-научна област македонистика – член;
- проф. д-р Димитар Пандев, Филолошки факултет при УКИМ, Скопје, наставно-научна област лингвистика – член.

На Конкурсот, објавен во весникот „Дневник“ на 17 мај 2011 година, се пријави само доцент д-р Виолета Николовска, досегашен наставник од областа *македонистика* на Педагошкиот факултет. По увидот во целокупната приложена документација, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **доцент д-р Виолета Николовска** е родена на 1 ноември 1966 година во Скопје. На Групата за македонски јазик и јужнословенски јазици, со полски јазик и литература како втор главен предмет, при Филолошкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се запишува во учебната 1985/1986 година. Студиите ги завршува редовно, во учебната 1988/1989 година, со мошне висок просечен успех (9, 78) и е прогласена за најдобар дипломиран студент на Филолошкиот факултет во 1989 година. Од 1989 до 1991 година, Николовска ја следи наставата на постдипломските студии по македонски јазик на Филолошкиот факултет во Скопје. Сите испити ги положува со највисоки оценки, а со звањето магистер по филолошки науки се стекнува по успешно одбранетиот труд *Современите теории за реченицата и македонската реченица*. Во јуни 2006 година, Николовска се стекнува со звањето доктор по филолошки науки со тезата *Лексиката во делата на Ѓорѓи Пулевски,* одбранета на Филолошкиот факултет во Скопје. Од 1994 година Николовска работи на Педагошкиот факултет во Штип како соработник и наставник по предметот Мајчин јазик со култура на изразувањето. Последен пат е избрана во звањето доцент во 2006 година.

***Реализирани и тековни проекти***

Како стипендист на Министерството за наука на Република Македонија, во текот на 1992 и 1993 година е вклучена во капиталниот проект *Интенцијално-синтаксички речник на македонските глаголи,* реализиран во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје. Учествува и на проектот *Македонскиот јазик од 1945 до 1995 година,* во рамките на големиот меѓународен проект *Најновите промени во словенските јазици од 1945 до 1995 година,* на Универзитетот во Ополе, Полска.

Во моментов, Николовска е вклучена во работата на еден голем домашен проект и на два меѓународни проекти. Соработник е на проект од значење за македонистиката кај нас и за афирмација на македонскиот јазик во светот - *Толковен речник на современиот македонски јазик* што се работи во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје. Учесник е во работата на ТЕМПУС проектот *Македонскиот јазик како странски (унапредување на предметните програми)* и во работата на проектот *Изработка на методологија за изучување на втор јазик* во соработка со Британскиот совет во Република Македонија и Високиот комесаријат за национални малцинства на ОБСЕ.

***Оценка за научните и стручните трудови***

Покрај потребната документација за пријавување на Конкурсот за избор на наставник во сите звања, кандидатката приложила и список на досега објавени научни и стручни трудови, публикувани во неколку стручни и научни списанија и одделни зборници во Македонија и надвор од неа. Од нив, три се во угледни меѓународни списанија: *Folia Philologica Macedono-Polonica, Studia linguistica Polono-Meridianoslavica* и угледното списание *Македонски јазик,* во чиј редакциски одбор влегуваат научници од Република Македонија, Република Полска, Руската Федерација, Соединетите Американски Држави и Германија. Еден од трудовите е објавен во периодот помеѓу двата избора.

Николовска објавила четириесетина трудови, од кои 14 се во списанија (од нив пет во периодот помеѓу двата избора), а останатите се во зборници од домашни и меѓународни научни конференции и собири, во земјава и надвор од неа. За серијата *Македонистика,* во која се печатат пообемни дела, ја дала за печатење својата магистерска работа (во обем од 297 страници), која за македонската теориска мисла од областа на синтаксата претставува мошне значаен придонес.

Проблематиката што ја обработува Николовска во своите трудови помеѓу двата избора се однесува на македонскиот јазик во еден поширок опсег – од современиот стандарден јазик до историската лексикологија и современите теориски аспекти на синтаксата. Во периодот меѓу двата избора таа се занимава и со јазична конфронтација: *Неколку македонско-англиски јазични компарации, Предлозите во предикатско-аргументските структури на предикати од втор ред*. Од областа на лексикологијата и историската лексикологија, автор е на *Лексиката во делата на Ѓорѓи Пулевски, Македонскиот јазик во Четиријазичникот на Ѓорѓи Пулевски, Балканизмите во Четиријазичникот на Ѓорѓи Пулевски* и *Супстантивизацијата на придавките како продуктивен зборообразувачки модел во македонскиот јазик*. Станува збор за оригинални научни трудови, во кои таа е единствен автор, кои се добиени како резултат на продлабочена анализа на фактите. Два од трудовите се теориски – *Функционална морфологија* и *Полска семантичка синтакса*. Во нив В. Николовска дава преглед на два различни пристапи во расветлувањето и толкувањето на структурата на основната снтаксичка единица – реченицата.

Во периодот меѓу двата избора, Николовска сериозно се занимава со проблематиката на стандардниот јазик и неговата норма, учествувајќи на сите научни собири што на оваа тема се одржуваат во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“. Во своите трудови *За јазичната култура, Што направивме и што треба да направиме за македонскиот литературен јазик, Нормата и македонската наука за јазикот, Македонската лингвистика и литературнојазичната норма*, таа ги ги анализира современите состојби во опстојувањето на нормата на македонскиот литературен јазик и дава можни насоки за градење на стратегија за нејзино култивирање и развивање, но и нејзино теориско третирање во македонската наука за јазикот. Со нејзиното учество на Научната конференција одржана во МАНУ на тема *Науката за македонскиот јазик – состојби и перспективи,* Николовска го даде својот придонес во анализирањето на состојбите во кои се наоѓа науката за македонскиот јазик и го даде свое продлабочено размислување за потребите и перспективите во нејзиниот развој.

Во сите свои трудови, Николовска се покажува како зрел научник, со продлабочена смисла за анализа и оригинални одговори и тези (речиси на сите свои трудови таа е самостоен автор).

***Список на научни и стручни трудови помеѓу двата избора*:**

1. Неколку македонско-англиски јазични компарации (во коавторство), *Литературен збор,* LIII, број 1-3, 2006, стр. 144-147.
2. За јазичните грешки. *Годишен зборник на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ – Штип,* год. 4, книга 5-6, 2005/06.
3. Лексиката во делата на Ѓорѓи Пулевски. *Македонски јазик* LVII, Скопје, 2007.
4. Язык и языковое воспитание в образовании кадров для дошкольного воспитания. *Сборник тезисов Международной научно-практической конференции „Традиции и иновации в дошкольном образовании“ – посвященной 135-летию МПГУ,* Московский педагогический государственный университет, Факультет дошкольной педагогики и психологии, Москва, 2007, стр. 431-434.
5. Македонскиот јазик во Четиријазичникот на Ѓорѓи Пулевски. *Воспитание,* год. 5, бр. 8-9 (Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Педагошки факултет) Штип, 2007-2008.
6. Супстантивизацијата на придавките како продуктивен зборообразувачки модел во македонскиот јазик. *Литературен збор,* 1-3, Скопје, 2009.
7. Функционална морфологија. *Воспитание,* год. 6, бр. 10, Штип, 2009 (Универзитет „Гоце Делчев“, Педагошки факултет).
8. За јазичната култура. Зборник на трудови од Научниот собир „Културата и јазикот“, едиција Јазикот наш денешен, книга 17, Скопје, 2009.
9. Балканизмите во Четиријазичникот на Ѓорѓи Пулевски. Зборник на трудови од Научниот собир „Балкански јазичен светоглед“, ед. Јазикот наш денешен, кн. 18, Скопје, 2009.
10. Нормата и македонската наука за јазикот. Зборник на трудови од Научниот собир Стандарднојазичната норма и македонскиот јазик Јазикот и идентитетот, едиција Јазикот наш денешен, книга 20, Скопје, 2011.
11. Полска семантичка синтакса. Зборник трудови во чест на 80 години од раѓањето на проф. З. Тополињска, МАНУ, предадено за печат (2010/2011).
12. Што направивме и што треба да направиме за македонскиот литературен јазик. Зборник на трудови од Научниот собир „Македонскиот јазик во историски и во современ контекст“, одржан во Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, 2010 (предадено за печат).
13. Македонската лингвистика и литературнојазичната норма. Зборник од трудови од XV научен собир Денови на Благоја Корубин, одржан на 11. и 12. мај 2011 г. во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје (предадено за печат).
14. Предлозите во предикатско-аргументските структури на предикати од втор ред. Зборник на трудови од VIII Полско-македонска научна конференција, одржана во Скопје, 2009 (предадено за печат).
15. Кирилицата и економската моќ. Зборник на трудови од II Меѓународна научна конференција одржана на Корпоративниот меѓународен славјански универзитет Св, Николе–Тамбов на тема „Меѓународен дијалог: исток-запад“ (култура, славјанство и економија) на 17 и 18 март 2011 година (предадено за печат).
16. Толковен речник на македонскиот јазик, том IV, П, Скопје, 2008 (како соработник).

***Учество на научни собири:***

1. За јазичната култура. Научен собир „Културата и јазикот", одржан во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" – Скопје, 3 и 4 април 2008.
2. Што направивме и што треба да направиме за македонскиот литературен јазик. Научен собир „Македонскиот јазик во историски и во современ контекст", Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Скопје, 2010 (25 и 26 февруари).
3. Нормата и македонската наука за јазикот. Научен собир „Стандарднојазичната норма на македонскиот јазик", Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Скопје, 2010 (15 април).
4. Балканизмите во Четиријазичникот на Ѓорѓи Пулевски. Научен собир „Балкански јазичен светоглед", одржан на 15 и 16 април 2009 г. во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков", Скопје.
5. Македонската лингвистика и литературнојазичната норма. XV научен собир *Денови на Благоја Корубин*, одржан на 11 и 12 мај 2011 г. во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков", Скопје.

***Учество на научни конференции:***

1. Предлозите во предикатско-аргументските структури на предикати од втор ред. VIII Полско-македонска научна конференција, Скопје, 2009 г. (23 и 24 октомври).
2. Кирилицата и економската моќ. II Меѓународна научна конференција одржана на Корпоративниот меѓународен славјански универзитет Св, Николе–Тамбов на тема „Меѓународен дијалог: исток-запад" (култура, славјанство и економија) на 17 и 18 март 2011 година.
3. Учество во две дискусии на Научната конференција „Науката за македонскиот јазик – состојби и перспективи", одржана во МАНУ, во организација на Истражувачкиот центар за ареална лингвистика (при МАНУ), на 18 и 19 април 2011 година:

– Речник на македонскиот стандарден јазик – интернет издание и
– Речник на лингвистички термини.

***Стручно-апликативна дејност***

Од стручно-апликативната дејност, Николовска, како овластен лектор, се занимава и со лекторска работа. Има лекторирано еден учебник, монографија и два практикума по предметот Физичко воспитание со методика. Николовска учествувала и во комисии за изработување или изменување на студиски програми на Педагошкиот факултет, како и за избор на соработници.

***Стручно-апликативна дејност***

1. Лектура на учебникот „ПИЈАНО - Детски и други музички инструменти" од проф. д-р Милица Шкариќ, издание на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, септември 2009 г.
2. Лектура на монографијата „Достоевски: од подземјето до Богочовекот", од Трајче Стојанов, Азбуки, 2008, Скопје.
3. Извршена лектура на Практикум по физичкото воспитание со методика, од Илија Клинчаров и Билјана Митевска-Попеска, кој се подготвува за издавање (за Одделенска настава и за Предучилишно воспитание).

***Наставна дејност***

Што се однесува до нејзината педагошка дејност, таа е омилен професор меѓу студентите. И во оваа област, Николовска покажува активност што е разновидна и широка по обем. Таа е автор на труд за јазичното воспитание во образованието на кадри за предучилишно воспитание (објавен во зборник во странство). Коавтор е на Прирачник за настава по немајчин јазик за наставниците во основното, средното и високото образование

(Британски совет, Скопје 2011), а започната е и постапката за електронското издавање на скриптата по предметот што го држи *Македонски јазик со култура на изразувањето* (која ќе биде прва од ваков вид во нашата држава). Во текот на еден семестар, изведувала и настава по македонски јазик како странски, за студентите странци на Универзитетот „Гоце Делчев“. Сите нејзини студенти успешно го положиле тестот за основно познавање на македонски јазик.

***Учебници, прирачници и скрипти:***

– ПРИРАЧНИК ЗА НАСТАВАТА ПО НЕМАЈЧИН ЈАЗИК за наставниците во основното, средното и високото образование (во коавторство), Британски совет, 2011 г.;
– започната постапка за објавување на електронска скрипта од предметот *Македонски јазик со култура на изразувањето*.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи ја предвид наставната и научно-стручната дејност на доцент д-р Виолета Николовска во периодот меѓу двата избора, без никаква резерва можеме да кажеме дека таа прерасна во зрел, студиозен и плоден научник во својата област. Обврските со кои се зафаќа ги изведува навреме и студиозно. Наставната дејност ја изведува авторитетно и компетентно и има одлична комуникација со студентите. Затоа, со полно право и задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет **да ја избере доцент д-р Виолета Николовска во звањето вонреден професор од научната област *македонистика*.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Живко Цветковски, редовен професор, с.р.**
**Д-р Лидија Аризанковска, редовен професор, с.р.**
**Д-р Димитар Пандев, редовен професор, с.р.**

**Табела на активности кои се бодираат при избор на звање**

| Реден број | Наставно-образовна дејност | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 1. | Позитивно рецензиран универзитетски учебник | **15** | |
| 2. | Позитивно рецензирана скрипта од предавања | **8** | |
| 3. | Ментор на одбранета дипломска работа | **3** | |
| 4. | Член на комисија за одбрана на дипломска работа | **0,8** | |
| 5. | Предавања | **76,5** | |
| 6. | Вежби | **7** | |
| 7. | Рецензент на соработници | **2** | |

**Вкупно: 113,3**

Пресметани се само поените од предавањата и вежбите на Педагошкиот факултет (1 предмет: *Македонски јазик со култура на изразувањето*). Не се пресметани поените од изборните предмети и часовите одржани на Факултетот за музичка уметност, Филолошкиот факултет и Правниот факултет – Новинарство.

| Реден број | Научноистражувачка дејност | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 1. | Монографија<br>„Современите теории за реченицата и македонската реченица“ (предадено за печат во „Македонистика“) | **10** | |
| 2. | Дел од научна книга<br>(Толковен речник на македонскиот јазик, том IV, П, Скопје, 2008) | **6** | |
| 3. | Прегледен труд<br>(Полска семантичка синтакса, МАНУ, 2010/2011) | **13** | |
| 4. | Труд со оригинални научни резултати објавени во научно списание<br>Трудовите под 5, 6 и 7 ×3 (×1,3 како самостоен автор); трудот под 1×3 (во коавторство) и трудот под 3×6 (меѓународно научно списание)×1,3 (сам. автор) | **11,7+3+7,8** | |
| 5. | Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови од научен собир, научна конференција<br>(Трудовите од 1-5 во *Учество на научни собири:* 5×1×1,3 – како самостоен автор)<br>(Трудовите 1 и 2 во учество на меѓународни научни конференции 2×2×1,3 како сам. автор) | **6,5** | **5,2** |
| 6. | Секциско предавање на научен собир и научна конференција<br>(Двете излагања под 3, на Конференцијата во МАНУ - 2×2×1,3 и<br>Двата реферати под 1 и 2 на меѓународни конференции 4×2×1,3) | **5,2** | **10,4** |
| 7. | Учество на научен собир со реферат<br>(трудовите од 1 до 5 во делот *Учество на научни собири*: 1,5×5) | **7.5** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8. | Учесник во научен проект<br>Домашен: „Толковен речник на современиот македонски јазик“ (во биографијата)<br>Домашен: „Изработка на методологија за изучување на втор јазик“ (во биографијата, но со редактор, финансиер и покровител од странство, броен како домашен) 2×2<br>Странски: ТЕМПУС проектот „Македонскиот јазик како странски (унапредување на програмите)“ 1×3 | **4** | **3** |

**Вкупно: 93,3**

| **Реден број** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјава** | **во странство** |
| 1. | Елаборати и експертизи (лектура) | **8** | |
| 2. | Член на факултетска комисија | **4** | |

**Вкупно: 12**